Овој проект е финансиран
од Европската унија

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА И ДИСТРИБУЦИЈАТА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

ПРОЕКТ

(ИПДС)

EUROPEAID/139628/DH/SER/MK

2019/404709

# БИЛТЕН НА ПРОЕКТОТ бр. 1

Септември 2019 г.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската унија. За нејзината содржина одговорни се исклучиво БИМ Консалтинг и не мора да значи дека ги одразува гледиштата на Европската унија.

BIM Consulting

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
State Statistical Office

Овој проект е финансиран
од Европската унија

## ВОВЕД

Овој Билтен како дел од Планот за комуникација и видливост на проектот ИПДС има за цел да обезбеди информации за напредокот на Проектот, како и други релевантни информации за засегнатите страни во проектот и за општата јавност. На секои 6 месеци ќе има ново издание коешто ќе го покрива секој проектен период или почесто доколку има потреба. Ќе биде изготвуван на официјалниот јазик на проектот – англиски.

## ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТОТ

***Основни податоци за проектот:***

| | |
|---|---|
| Институција-корисник: | Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија |
| Договорен орган: | Делегацијата на Европската унија во Република Северна Македонија |
| Конзорциум за спроведување: | БИМ Консалтинг (Бугарија), Националниот статистички институт (Бугарија) |
| Вредност на договорот (€): | 1 648 500 |
| Датум на почеток: | 18.02.2019 |
| Датум на завршеток: | 17.02.2022 |
| Севкупно времетраење: | 36 месеци / 3 години |
| Веб страница на проектот: | http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=15 |

***Општа цел на Проектот***

Општата цел на проектот е да се подобри квалитетот и достапноста на статистички податоци и да се унапреди нивното користење во изработката и координацијата на јавните политики.

***Специфични цели на проектот***

Специфичната цел на овој проект е дополнително да се поддржи Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија во усогласувањето со законодавството на ЕУ и да се надгради неговата статистичка и ИКТ инфраструктура за да се зголеми ефикасноста во изработката на статистички податоци, како и да се подобри квалитетот на податоците со цел подобро да се одговори на новите предизвици што се јавуваат со измените во законодавството на ЕУ.

Овој проект е финансиран
од Европската унија

***Компоненти на проектот***

**Компонента 1: Дополнително усогласување со стандардите на ЕУ на полето на *макро-економската статистика*** со што ќе се подобри постојната методологија согласно препораките на ЕСА 2010 за квалитетот на податоците на националните сметки, методологијата на ЕСА 2010 и податоците доставени до Еуростат согласно програмата за пренос во која се дефинирани сметките и табелите коишто ги доставуваат сите земји-членки на ЕУ согласно утврдените рокови.

**Компонента 2: Дополнително усогласување со стандардите на ЕУ на полето на *деловната статистика*** за цел да го подобри квалитетот на СДР и да се подобри туристичката сателитска сметка. Таа се состои од две поткомпоненти: 2А (Статистички деловен регистар) и 2Б (Туристички сателитски сметки)

**Компонента 3: Дополнително усогласување со стандардите на ЕУ на полето на *социјалната статистика*** со цел да се обезбеди гаранција за квалитетот во сите фази од Пописот во согласност со Препораките на КЕС за Пописот на населението и домаќинствата во 2020 и Регулативата на ЕУ, како и за да се зголеми довербата во резултатите на пописот.

**Компонента 4: Дополнително да се подобри *ИКТ инфраструктурата*** чија цел е да се репроектира статистичкиот ИКТ систем во согласност со стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди и на тој начин да се зголеми ефикасноста и безбедноста на системот, забрзувајќи ја и намалувајќи ги трошоците за изработката на податоци, подобрување на нивната точност и безвременост и обработка на анкетите. Оваа компонента ќе биде поделена на 3 поткомпоненти (А Ревидирање и подготовка на функционална спецификација за репроектирање на ИТ системот за изработка на статистички податоци, развој на ИТ системот и евалуација на резултатите што треба да се испорачаат; Б Развивање на ИТ систем за Статистичкиот деловен регистар; В Подготовка на техничка спецификација за договор за набавка заради замена на компјутерската мрежа, центарот за податоци и опремата за Центарот за обнова во случај на несреќи)

***Очекувани резултати (Резултати што треба да се испорачаат со проектот):***

**Компонента 1: Национални сметки**
Табелите за бруто домашниот производ (БДП) и Процедурите за прекумерен дефицит (ППД) се подготвени и пренесени на ЕУРОСТАТ согласно правилата на Европскиот систем за национални и регионални сметки (ЕСА 2010)

**Компонента 2А: Статистички деловен регистар**
Нов Статистички деловен регистар е проектиран и подоцна тестиран после операционализацијата во рамките на компонентата 4Б.

**Компонента 2Б: Туристички сателитски сметки**
Процес на собирање на Туристички сателитски сметки воспоставен во Државниот завод за статистика.

**Компонента 3: Социјална статистика**

Кратки извештаи од набљудувањето на подготовката, спроведувањето и обработката на Пописот на населението во Република Северна Македонија.

Пренесување на пописните податоци на Еуростат со алатката *Census Hub*

**Компонента 4А: Репроектирање на ИТ систем за изработка на статистички податоци**

Репроектирање на ИТ системот за изработка на статистички податоци развиен како софтвер.

**Компонента 4Б: ИТ систем за Статистички деловен регистар**

Изработка на нов Статистички деловен регистар како софтвер

**Компонента 4В: Технички спецификации за хардверот**

Се прави Анализа на потребите и се изработуваат технички спецификации за набавка на хардвер согласно друг Договор на ЕУ

## ПОЧЕТЕН ПЕРИОД И НАСТАН ЗА ОФИЦИЈАЛНО ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ

Проектот започна официјално на 18.02.2019 г. Целиот проектен тим беше во Скопје во текот на првите две недели и работеа на отпочнување на активностите. Почетниот период траеше еден месец до 17.03.2019 г., и беше изготвен Почетниот извештај којшто содржеше Детален работен план за проектот.

На 29.03.2019 г. во Инфо Центарот на ЕУ во Скопје беше одржан настан за одбележување на официјалниот почеток на Проектот „Подобрување на изработката и дистрибуцијата на статистички податоци“.

На овој настан присуствуваа директорите на Националниот статистички институт (НСИ) на Бугарија и Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, претставници на Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија и од јавната администрација на Република Северна Македонија и институциите што се дел од статистичкиот систем на земјата.





Во текот на презентациите и дискусиите повеќепати беше нагласена важноста и значењето на подобрувањето на статистичкиот систем на Република Северна Македонија согласно законодавството на ЕУ. Ова е важно не само заради тоа што е предуслов за започнување на

преговорите по други важни поглавја од законодавството на ЕУ, туку исто така бидејќи поддржува подобар процес на одлучување за политиките заснован врз солидни докази.






## ПРВ ПРОЕКТЕН ПЕРИОД ФЕВРУАРИ 2019 – АВГУСТ 2019

Во текот на Првиот проектен период, три од четирите проектни компоненти – 1, 2 и 4 беа започнати. Низа од проектните задачи беа изведени како што е назначено во табелата долу:

| Датуми | Проектна компонента |
|---|---|
| 18.02.2019-01.03.2019 | 1 Национални сметки,<br>2А Статистички деловен регистар<br>4 ИКТ |
| 08.04.2019-12.04.2019 | 4В Технички спецификации |
| 13.05.2019-17.05.2019 | 2А Статистички деловен регистар |
| 13.05.2019-17.05.2019 | 4В Технички спецификации |
| 20.05.2019-23.05.2019 | 1 Национални сметки |
| 03.06.2019-07.06.2019 | 4А Репроектирање на ИТ системот |
| 17.06.2019-21.06.2019 | 2А Статистички деловен регистар |
| 24.06.2019-05.07.2019 | 1 Национални сметки |
| 26.06.2019-28.06.2019 | 4Б ИТ - Статистички деловен регистар |
| 15.07.2019-19.07.2019 | 4Б ИТ - Статистички деловен регистар |
| 16.07.2019 | 4В Технички спецификации |
| 05.08.2019-09.08.2019 | 4А Репроектирање на ИТ системот |

Овој проект е финансиран
од Европската унија

Исто така на 28 мај 2019 година се одржа Првиот состанок на Управниот комитет во Државниот завод за статистика во Скопје. Беа презентирани резултатите од Проектот во Почетниот период, како и плановите за Првиот проектен период. Исто така беше даден преглед на другите проекти на ДЗС поврзани со овој.





Како резултат на Првиот проектен период, низа аналитички документи за утврдување факти беа изработени, во коишто се опишува актуелната состојба во Државниот завод за статистика (ДЗС) на полето на Националните сметки, Статистичкиот деловен регистар и ИТ системите со коишто располага ДЗС. Во текот на овој период, беа изработени технички спецификации согласно утврдените приоритети со цел да се овозможи започнување со две тендерски постапки за набавка на ИТ опрема за Државниот завод за статистика. Резултатите од овие тендери се очекуваат во наредниот проектен период. Во вториот проектен период од проектот исто така ќе се започне со останатите компоненти од Проектот (2Б и 3), како и со дополнителни активности во веќе започнатите поткомпоненти, поврзани со изработката на нов Статистички деловен регистар, репроектирање на ИТ системот за производство на статистички податоци, и др.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ ЗА ПРОЕКТОТ

| Група | Име | Функција | Контакт |
|---|---|---|---|
| **Делегација на Европската унија во Република Северна Македонија**<br><br>Договорен орган<br><br>Св. Кирил и Методиј, бр. 52 б, 1000, Скопје | | | Тел: +389 2 32 48 500<br>Факс: (+389) 2 3248 501<br>E: delegation-north-macedonia@eeas.europa.eu |

BIM Consulting

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
State Statistical Office

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Државен завод за статистика на Република Северна Македонија**<br><br>Корисник<br><br>Даме Груев 4, Скопје | Г-дин Апостол Симовски | Лидер на проектот од ДЗС | Тел: +389 2 3295 666<br>E: apostol.simovski@stat.gov.mk |
| | Г-а Снежана Георгиевска | Лидер на Компонентата 1 | Тел: 075-402-325<br>E: snezana.georgievska@stat.gov.mk |
| | Г-а Мирјана Бошњак | Лидер на Компонентата 2 | Тел: 075-402-326<br>E: mirjana.bosnjak@stat.gov.mk |
| | Г-а Дијана Крстевска | Лидер на Компонентата 3 | Тел: 070-364-125<br>E: dijana.krstevska@stat.gov.mk |
| | Г-а Хелена Папазоска | Лидер на Компонентата 4 | Тел: 075-402-333<br>E: helena.papazoska@stat.gov.mk |
| | Г-а Татјана Митевска | Координатор на проектот од ДЗС | Тел: 075-402-328<br>E: tatjana.mitevska@stat.gov.mk |
| **Проектен тим**<br><br>БИМ Консалтинг и НСИ Бугарија<br><br>Проектна канцеларија: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, кат 1, соба 34, | Г-дин Иван Давидов | Директор на проектот | E: i.davidov@bim-bg.com |
| | Г-дин Димитар Бојков | Раководител на проектот | Тел: + 359 889 419 401<br>E: d.boykov@bim-bg.com |
| | Г-а Елка Атанасова | Клучен експерт 1 | E: e.atanasova@bim-bg.com |
| | Г-дин Анастас Тројански | Лидер на тимот / клучен експерт 2 | Тел: + 359 885 704 274<br>E: a.troyanski@bim-bg.com |
| | Г-дин Георги Станев | Клучен експерт 3 | E: g.stanev@bim-bg.com |
| | Г-а Елена Славкоска | Асистент во локалната канцеларија | Тел: +389 75 44 13 12<br>E: e.slavakoska@bim-bg.com |